# Подземните води се невидливи, но нивното влијание е присутно насекаде.

UN WATER
22 МАРТ
СВЕТСКИ ДЕН НА ВОДИТЕ
2022 Подземни води

Речиси сета свежа, течна вода во светот потекнува од подземните води и е поддршка на снабдувањето со вода, санитарните системи, фармерството, индустријата и екосистемите.

На многу места, подземните води се преискористени и загадени од човековите активности. На други места, едноставно не знаеме колку вода има таму долу.

Надвор од видокругот, под нашите нозе, подземните води се скриено богатство што го подобрува нашиот живот. Во најсушните краишта во светот, можеби се и единствените води со кои располагаат луѓето.

Според  податоците на  Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, целокупното снабдување со вода во индустријата и рударството во 2020 година е 2 203 милиони m³, од кои 9.4 милиони m³ или 0.43 % се од подземни води.

Во однос на снабдувањето со вода од јавен водовод во стопанството и домаќинствата, во 2020 година биле зафатени 301 милион m³ вода за снабдување, при што 38 милиони m³ вода или 12.7 % се од подземни води.



**Подземните води се можеби надвор од нашиот видокруг, но не се надвор од нашиот ум.**

www.worldwaterday.org